Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 09 - 390/1
11. 09. 2023 год.
ГРАДСКО

Врз основа на член 3 од Деловникот за работа на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Градско („Сл.гласник на Општина Градско“ бр.7/22), член 7 од Правилникот за условите, критериумите и начинот за доделување на стипендии на талентирани ученици и студенти во Општина Градско („Сл.гласник на Општина Градско“ бр.8/22), а во согласност со Годишната програма за работа на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Градско за 2023/2024 година ( „ Сл. Гласник на Општина Градско бр. 7/23)

Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Градско на ден 11.09.2023 година, распишува

# КОНКУРС

## за стипендирање талентирани ученици и студенти за учебната 2023/ 2024 година

За учебната 2023/ 2024 година, Општина Градско ќе додели:

- 1 (една) стипендија на најдобар основец од **VI-IX** одделение. Стипендијата е во висина од 2.000,00 денари месечно, а се исплатува 9 (девет) месеци во годината.

- 1(една) стипендија на најдобар средношколец од **II - IV** година. Стипендијата е во висина од 3.000,00 денари месечно, а се исплатува 9 (девет) месеци во годината.

- 1(една) стипендија за најдобар студент. Стипендијата е во висина од 4.000,00 денари, а се исплатува 9 (девет) месеци во годината, со услов студентот во моментот на пријавување на јавниот оглас да има завршено најмалку една година од студиите на високото образование.

**<u>Услови за доделување на стипендии</u>**

Право на стипендија имаат кандидатите кои учат и студираат во училиштата и факултетите во Република Северна Македонија, а ги исполнуваат следните услови:

1. Да се редовни ученици од VI до IX одделение со континуиран одличен успех, кои освоиле I награда на државни натпревари или I,II или III награда на меѓународен натпревар од областа на науката, техниката, културата и спортот;
2. Да се редовни ученици од средно образование од II до IV година со континуиран одличен успех, кои освоиле I награда на државни натпревари или I,II или III награда на меѓународен натпревар од областа на науката, техниката, културата и спортот;
3. Да се редовни студенти ( со запишана II година) кои освоиле I награда на државни натпревари или I,II или III награда на меѓународен натпревар од областа на науката, техниката, културата и спортот при што приоритет имаат

кандидатите кои освоиле повисока награда, а кои во претходните години на студии постигнале успех од 9,00 или над тој просек.
4. Да се жители на Општина Градско;
5. Да се државјани на Република Северна Македонија .

**БОДИРАЊЕ**

1.Бодирањето за ученици ќе се врши преку:

-Освоени награди на државни натпревари за I место со 15 бода, за II место со 10 бода и за III место со 5 бода;

-Освоени награди на меѓународни натпревари за I место со 30 бода, за II место со 20 бода и за III место со 10 бода;

-Општествените и интелектуални иницијативи на учениците(учествува на семинари, конференции, образовни проекти, активни партиципации во НВО, благодарници и слично ќе се бодираат со по 1 бод);

-Во случај да има двајца кандидати со ист број бодови ќе се бодира и економската состојба на начин што ќе се цени материјалната положба – надоместокот кој се добива по член на семејството.

2. Бодирањето за студенти ќе се врши преку:

-Освоени награди на државни натпревари за I место со 15 бода, за II место со 10 бода и за III место со 5 бода;

-Освоени награди на меѓународни натпревари за I место со 30 бода, за II место со 20 бода и за III место со 10 бода;

-Општествени и интелектуални иницијативи на студентите(учествува во хуманитарни акции, учествува на семинари, конференции, образовни проекти, активни партиципации во НВО, благодарници и сл.) ќе се бодираат со по 1 бод;

-Објавени стручни трудови од областа за која се оспособува со 5 бода;

-Во случај да има двајца кандидати со ист број на бодови ќе се бодира и економската состојба на начин што ќе се цени материјалната положба – надоместокот кој се добива по член на семејството:

3. Бодирањето на учениците и студентите во зависност од успехот кој е постигнат ќе се врши на следниот начин:

-Учениците кои имаат континуиран одличен успех ќе се бодираат со 10 бода, а додека учениците со одличен успех со 5 бода;

-Студентите ќе се бодираат на следниот начин:

- за успех од 9,00-9,10 со 2 бода;
- од 9,11 – 9,20 со 4 бода;
- од 9,21 – 9,30 со 6 бода;
- од 9,31 – 9,40 со 8 бода;
- од 9,41 – 9,50 со 10 бода;
- од 9,51 – 9,60 со 12 бода;
- од 9,61 – 9,70 со 14 бода;
- од 9,71 – 9,80 со 16 бода;

- од 9,81 – 9,90 со 18 бода;
- од 9,91 – 9,99 со 20 бода;
- со 10,00 со 25 бода;

4. Бодирање на студентите кои студираат на Универзитетите во Република Северна Македонија ќе се врши согласно најновата ранг листа на македонски високо образовни институции (рангирање согласно Центарот за светска класа на универзитети при Универзитетот Џиао Тонг во Шангај) и следната бодовна скала:
   - Студентите од најдобро рангираниот универзитет добиваат 25 бодови;
   - Студентите од второ рангираниот универзитет добиваат 20 бодови;
   - Студентите од трето рангираниот универзитет добиваат 15 бодови;
   - Студентите од четврто рангираниот универзитет добиваат 10 бодови;
   - Студентите од петто рангираниот универзитет добиваат 8 бодови;
   - Студентите од шесто рангираниот универзитет добиваат 7 бодови;
   - Студентите од седмо рангираниот универзитет добиваат 6 бодови;
   - Студентите од осмо рангираниот универзитет добиваат 5 бодови;
   - Студентите од девето рангираниот универзитет добиваат 4 бодови;
   - Студентите од десетто рангираниот универзитет добиваат 3 бодови;
   - Студентите од единаесето рангираниот универзитет добиваат 2 бодови;
   - Студентите од сите универзитети кои се рангирани под дванаесетто место добиваат 1 бод.

<u>Потребни документи за учество на конкурсот за стипендии</u>

1. Пријава од апликантите до комисијата при општина Градско;
2. Потврда дека е редовен ученик во учебната 2023/2024 година;
3. Фотокопии од свидетелства за завршени претходни години на образование;
4. Потврда за редовно запишан зимски семестар за студиска 2023/2024 година;
5. Уверение со број на предвидени и положени испити од претходните години;
6. Оригинал диплома на увид и фотокопија за освоена награда на општински,регионални, државни и меѓународни натпревари;
7. Уверение за материјалната положба на родителот, старателот(се вади од Управа за јавни приходи);
8. Потврда за остварени приходи на вработени членови на семејството ( за пензионери испратница од пензија) за месеците јуни,јули и август 2023 година или доколку за овие месеци не е исплатена да се достави потврда за последна исплатена плата. За невработените да се достави потврда од Агенција за вработување дека се невработени или примаат/не примаат паричен надоместок ( во потврдата да биде наведен износот) додека за учениците и студентите потврда од училиштето или факултетот.
9. Изјава на кандидатот дека не е корисник на друга стипендија или кредит;
10. Изјава за точни податоци во приложена документација, заверена на нотар;
11. Изјава за семејна положба;
12. Изјава за лични податоци;
13. Фотокопија од уверение за државјанство на Република Северна Македонија.

**<u>Место и рок за поднесување на документите</u>**

Пријавата со потребните документи се доставуваат во затворено плико со назнака **„За Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Градско"** ул.„Александар Македонски" бр.70А Градско со доставување во архивата на Општина Градско или по пошта.

Рокот за поднесување на документите е од **13.09.2023 до 27.09.2023** година. Пријавата заедно со другите образци може да се подигне во архива на Општина Градско и на веб-страната на Општина Градско www.gradsko.gov.mk.

Некомплетни и ненавремено доставени документи нема да се разгледуваат.

Резултатите од конкурсот ќе бидат објавени на веб страната на Општина Градско www.gradsko.gov.mk, социјалните мрежи на општина Градско и истакнати на огласна табла во Општината.

Незадоволните кандидати можат да поднесат приговор до Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Градско во рок од 3 (три) дена од објавувањето на резултатите.

Поблиски информации можат да се добијат во Архивата на општина Градско или на тел: 043/251-522

Претседател
на Комисија за стипендирање на
талентирани ученици и студенти на
Советот на Општина Градско

Б. Славева

Билјана Славева

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДСКО
ОПШТИНА ГРАДСКО